Република Северна Македонија
Министерство за здравство

Институт за јавно здравје на Република Северна Македонија

# ПРЕПОРАКИ ЗА ПАТНИЦИ КОИ ДОАЃААТ ОД РИЗИЧНИТЕ ЗЕМЈИ ЗА COVID-19 ИЛИ БИЛЕ ВО КОНТАКТ СО ЗАБОЛЕНО ЛИЦЕ СО COVID-19

За сите патници (возрасни и деца) кои доаѓаат од ризичните земји на COVID-19, согласно препораките на Комисијата за заразни болести при МЗ и Владата на Република Северна Македонија, се препорачува домашна изолација во траење од 14 дена од денот на влегувањето во Република Северна Македонија. За контактите на потврден случај со COVID-19, ДСЗИ издаде решенија за здравствен надзор и домашна изолација.

Домашната изолација подразбира 24 часовен престој во домашни услови, во текот на 14 дена:

- престој во посебна просторија (по можност),
- задолжително носење на заштитна маска (хируршка маска),
- самопроверка - мерење на телесна температура најмалку два пати дневно,
- комуникација со домашните на растојание од минимум 2 метри,
- зачестено, темелно миење на рацете во траење од најмалку 20 секунди, и одржување на личната и општата хигиена во домот,
- зачестено проветрување на домот, особено просторијата каде престојува лицето во домашна изолација,
- редовно користење на средства за дезинфекција на база на алкохол и хлор,
- возрасните да не одат на работа,
- децата да не посетуваат настава и предучилишни установи.

Доколку се појават симптоми како на пр. покачена температура и треска, кашлица, отежнато дишење, понекогаш малаксаност, мускулни болки, дијареа, лицето да се јави во Службата "Ало докторе":

- ЦЈЗ Битола 071 261 330
- ЦЈЗ Велес 071 219 278
- ПЕ Гевгелија 078 545 444
- ЦЈЗ Кочани 071 373 913
- ЦЈЗ Куманово 070 215 851
- ЦЈЗ Охрид 070 723 029
- ЦЈЗ Прилеп 076 475 747
- ЦЈЗ Скопје 071 289 614
- ЦЈЗ Струмица 072 235 543
- ЦЈЗ Тетово 075 240 464
- ПЕ Гостивар 076 365 161
- ЦЈЗ Штип 078 365 613
- ИЈЗ Скопје 078 387 194
- ЗД "Ало докторе" 02/15 123